АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

До: Друштвата за застапување во осигурување во Република Македонија

*Циркуларен допис*

Предмет: Известување

Почитувани,

Ве известуваме дека, во согласност со одредбите од членот 476 став (8) и членот 472 став (9) од Законот за трговските друштва (понатаму само ЗТД), министерот за финансии донесе Правилник за формата и содржината на годишната сметка („Службен весник на РМ“ бр. 52/2011 и 174/2011), и Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план („Службен весник на РМ“ бр. 174/2011). Трговските друштва во Република Македонија се должни да водат сметководство во согласност со Правилникот за водење на сметководство („Службен весник на РМ“ бр. 159/2009 и 164/2010) и Правилникот за дополнување на Правилникот за водење на сметководство („Службен весник на РМ“ бр. 107/2011).

Друштвата за застапување во осигурување во Република Македонија имаат обврска да водат сметководство на начин определен со ЗТД и со прописите за сметководство, донесени врз основа на овој закон.

Согласно со одредбите, пак, од членот 151 точка 2 од Законот за супервизија на осигурување (понатаму само ЗСО), друштвата за застапување во осигурување имаат обврска да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за структурата и обемот на работите на застапување по одделни друштва за осигурување на квартална основа. Истите тоа треба да го вршат на обрасци подготвени од Агенцијата за супервизија на осигурување и објавени на нејзината веб страна.

Имајќи го предвид фактот дека известувањето по членот 151 од ЗСО за последниот квартал од деловната година се совпаѓа со периодот за кој се изготвува годишната сметка на друштвото согласно со одредбите од ЗТД, ве молиме земете ги предвид следниве насоки на Агенцијата за супервизија на осигурување.

1) Приходите по основ на провизија за извршени работи на застапување во осигурување, кои всушност претставуваат приходи од вршењето на основната

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

дејност, треба да се евидентираат на сметките од групите 73 и 74 од Сметковниот план и да бидат искажани на позицијата (АОП) 202 Приходи од продажба, во билансот на успех за периодот за кој се известува.

2) Вкупниот годишен приход од вршење на работи на застапување во осигурување искажан на соодветна позиција во колоната 300 од Образецот одз 1 треба да соодветствува на износот искажан во билансот на успех на позицијата 202 – Приходи од продажба.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**

**д-р Климе Попоски**

Испратено до Друштвата за застапување во осигурување:

1. МАГМА АД Скопје

2. САФЕ ИНВЕСТ АД Скопје

3. ТРЕНД МР АД Скопје

4. АКТИВА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје

5. МК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје